Анализа на јавното мислење бр.1/2021

-

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2020)

Автор: Иван Дамјановски

-

февруари 2021



IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2020)

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор:** Иван Дамјановски

**Лектура:** Валентина Јошевска

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien
http://www.idscs.org.mk

# Заклучоци

- Долгогодишниот тренд на опаѓање на поддршката на членството во ЕУ е стопиран во 2020 година;
- Во 2020 година, 69% од популацијата го поддржува македонското членство во ЕУ, за 4% повеќе во споредба со минатата година;
- Меѓу-етничкиот јаз во степенот на поддршка на членството во ЕУ се намалува;
- Расте бројот на евроскептични испитаници кај најмладата популација;
- Поддршката за членство во ЕУ правопропорционално расте со степенот на образование;
- Членството во ЕУ има значајна улога за 70% од популацијата;
- Речиси половина од македонската популација верува дека државата е подготвена за членство, што е рефлексија на недоволната информираност околу пристапниот процес;
- Повеќе од половина од испитаниците констатираа напредок во процесот на евро интеграцијата во текот на 2020 година;
- Кај етничките Македонци воочлив е поголем песимизам во однос на напредокот во последната година;
- Значително е намален бројот на испитаници кои се фокусираат врз неостварувањето на домашните реформи како примарно објаснување зошто Северна Македонија не е членка на ЕУ;
- Повеќе од половина од граѓаните најголемиот проблем за македонскиот пристапен процес го насочуваат кон позициите на соседните држави во однос на аспирациите за членство на Северна Македонија;
- Се зголемува бројот на граѓани кои сметаат дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ во периодот од  следнитее три до десет години;

- Овие ентузијастички перцепции не кореспондираат со реалните перспективи за евентуално членство во ЕУ и се уште еден показател за недоволната информираност на популацијата околу траекторијата и временската динамика на пристапниот процес;
- Речиси половина од популацијата смета дека Северна Македонија би можела да стане членка на ЕУ во следните 3 до 5 години, што е далеку од која било реалистична проценка;
- Рационалистичко-утилитарните фактори остануваат главна детерминанта на поддршката за членство во ЕУ;
- Кумулативниот процент на ставовите за поддршка на членството во ЕУ кои се стимулирани од рационалистичко-утилитарни консидерации го надминува прагот од 50%;
- Безбедносните аспекти на процесот на евро интеграцијата се наметнуваат како значаен фактор за поддршката на членството во ЕУ;
- Развојот на економијата, намалувањето на невработеноста, квалитетот на живот и подобрувањето на инфраструктурата се перципираат како клучни области во јавните политики врз коишто членството во ЕУ ќе има позитивно влијание;
- Во последните четири години се забележува драстичен раст и доминантна позиција на идентитетските и вредносните фактори во детерминирањето на евроскептичната енергија во македонското општество;
- Заканата за губење на националниот идентитет и губењето на суверенитетот и независноста на државата како последица на процесите на европезација се наметнуваат како најважни фактори за формирањето на евроскептичните ставови;
- Расте бројот на испитаници кои се идентификуваат исклучиво низ етничка призма;
- Поддршката за членство во ЕУ кај симпатизерите на СДСМ во целост ги рефлектира заложбите на партиското раководство, надминувајќи ја границата од 90%;

- Поддршката за членство кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ е за повеќе од  30% помала;

- Значително се зголемува поддршката за членство во ЕУ помеѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ;

- Се намалува бројот на евроскептични ставови кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ;

- Сепак, повеќе од една третина од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ се противат на членството во ЕУ;

- Евидентниот јаз кој постои помеѓу симпатизерите на двете најголеми партии во Северна Македонија се интензивира кога ќе се анализираат ставовите на овие групи испитаници околу некои специфични аспекти на пристапниот процес;

- 80% од симпатизерите на СДСМ се уверени дека државата е подготвена за членство. Наспроти нив, 64% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека државата не е подготвена за членство;

- Додека повеќе од 90% од симпатизерите на СДСМ детектираат напредок во пристапниот процес во изминатата година, речиси половина од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека немало никаков напредок или дека државата назадувала во процесот на евро интеграцијата;

# Вовед

Поддршката за членство на Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број од овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во лонгитудинална и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток од унифицирани бази на податоци кои би понудиле повторливи истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ изедначена и кохерентна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина, Институтот за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје и Фондацијата Конрад Аденауер во 2014 година започнаа со воспоставување лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење идентични прашања. Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење идентична батерија анкетни прашања. Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на јавната поддршка на членството на Македонија во ЕУ. Втората цел е да се воспостават детерминанти за таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационалистичко-утилитарни, идентитетски и сугестии од политички елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран

дизајн, секое годишно истражување понатаму го испитува и јавното мислење за евроинтеграцискиот процес, низ призма на актуелни теми специфични за конкретни временски периоди.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата „Јавното мислење и процесот на пристапување на Македонија кон Европската Унија (2004-2014)[1]", објавена во 2014 година, која воедно ги вклучува и податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено во 2014 година, а кое претставува референтна методолошка точка за сите подоцнежни истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на поддршка на членството на Македонија во ЕУ кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периода: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката за членство во ЕУ. Второ, студијата воспостави аналитички модел на детерминантите на поддршката за членство во ЕУ преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките партии.[2] Рационално-утилитарната рамка ја претпоставува важноста на пресметката на материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка на процесот на евро интеграција.  Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на евро интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори

[1] Дамјановски, Иван. „Јавното мислење и пристапувањето на Македонија кон Европската Унија (2004-2014)", Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, 2014

[2] За поопсежно теоретско објаснување на моделот, види: ibid, стр. 13-24

кои го обликуваат светогледот на поединецот, кој следствено е основа за формирањето на ставовите кај поединецот. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите. Конечно, формирањето на јавните ставови околу членството во Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да им ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

# За истражувањето

Оваа анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување во Европската Унија спроведена во 2020 година се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014, 2016, 2017, 2018 и 2019 година. Таа го користи истиот теоретско-аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка на членството на Македонија во ЕУ, а истовремено своите емпириски наоди ги споредува со наодите од истражувањата од претходните истражувања.

Примарните податоци кои се користени во оваа анализа произлегуваат од анкетно истражување на јавното мислење спроведено во текот на ноември 2020 година на примерок од 1006 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години), етничка припадност и исто така, покрива испитаници од сите шест изборни единици во земјата. Резултатите се претставени во проценти и се предмет на грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник како анкетните истражувања спроведени во 2014, 2016, 2017, 2018 и 2019 година. Со ваквиот пристап се создаваат услови за мини-лонгитудинална анализа на поддршката за пристапувањето на Македонија кон Европската Унија во последните шест години. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира на анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка за членството на Македонија во Европската Унија во периодот меѓу 2014-2020 година.

# Општи трендови

Лонгитудиналната анализа на трендовите за поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ укажува на постепен пад на оваа поддршка кој првенствено е поврзан со кредибилитетот на македонскиот пристапен процес. Последните две години бележат неочекувани осцилации на овој кредибилитет. Од една страна, перспективите за напредок во пристапниот процес значително се зголемија со отстранувањето на долгогодишната блокада предизвикана од спорот со Грција околу името преку ратификацијата на Преспанскиот договор во 2019 година. Од друга страна, кредибилитетот на пристапниот процес се соочи со нов сериозен предизвик со привремената блокада на процесот на проширување која беше ефектуирана преку одлуките на Европскиот Совет во октомври 2019 година. Меѓутоа, динамиката на политиката на проширување на ЕУ во првата половина од 2020 година најави сериозно зајакнување на кредибилитетот на пристапниот процес. По усвојувањето на Новата методологија за проширувањето на ЕУ од страна на Европскиот Совет во март и одлуката на истиот да започнат преговорите за членство со Северна Македонија[3] се чинеше дека македонските перспективи за членство во ЕУ се враќаат на вистинската патека. Меѓутоа, веќе во ноември, во периодот кога е спроведено овогодинешното истражување на јавното мислење веќе почнаа да циркулираат гласини околу можна блокада на преговарачката рамка за Северна Македонија од страна на Бугарија. Евентуално, ваквиот исход стана и реалност во декември 2020 година со одлуката на Европскиот Совет да не ја усвои преговарачката рамка како резултат на противењето на Бугарија.

Оттука, степенот на поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ со голема веројатност е рефлексија и на влијанието на овие фактори врз формирањето на ставовите на

[3] Council of EU, Council Conclusions on Enlargement and Stabilisation and Association Process, 7002/20, Brussels, 25 March 2020.

испитаниците. Воочливо е тоа што долгогодишниот тренд на опаѓање на поддршката на членството во ЕУ, конечно е стопиран во 2020 година. Во 2020 година, 69% од популацијата го поддржува македонското членство во ЕУ, што, пак, претставува раст од 4% во споредба со минатата година (графикон 1). Меѓутоа и покрај навидум значајниот раст на  поддршката за членство, таа е сѐуште под нивото на поддршка забележан во периодот меѓу 2014-2018. Паралелно на овие придвижувања, воочлив е и соодветен раст од 3% на евроскептичните ставови, кои сега претставуваат 22% од популацијата. Од демографска перспектива, воочливо е намалување на меѓу-етничкиот јаз во степенот на поддршка на членството во ЕУ кој произлегува од придвижувања на ставовите и кај двете најголеми етнички заедници во македонското

**Графикон 1.**[4] Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале вие?




[4] Како резултат на заокружување децимали, вкупниот збир може да не изнесува 100% (оваа забелешка се однесува на сите графикони и табели).

општество. Така, во 2020 година, 66% од етничките Македонци го поддржуваат членството во ЕУ, што е за 6% повеќе во споредба со 2019 година. Од друга страна, воочлив е обратен процес кај етничките Албанци, каде што поддршката од 76% е помала за 7% споредено со минатата година. Истовремено, расте и бројот на евроскептични испитаници кај најмладата популација (18-29 години) каде што речиси една третина од испитаниците не го поддржуваат членството на Северна Македонија во ЕУ. Поддршката за членство, пак правопропорционално расте со степенот на образование.

Дистрибуцијата на ставови околу важноста на членството во ЕУ во 2020 година е скоро идентична со онаа во 2019. Значителниот пад на популацијата за која членството во ЕУ е многу важно во однос на 2018 година е потврден и оваа година. Сепак, членството во ЕУ има значајна улога за 70% од популацијата (табела 1). И покрај намалувањето на меѓу-етничкиот јаз на генеричко ниво, сепак големиот диспаритет помеѓу

Табела 1.

| Колку за Вас лично е важно Северна Македонија да влезе во Европска Унија? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу важно | 48 | 48 | 54 | 56 | 36 | 36 |
| До некаде важно | 36 | 29 | 20 | 24 | 35 | 34 |
| До некаде неважно | 5 | 5 | 6 | 5 | 10 | 13 |
| Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 | 14 | 18 | 16 |
| Не знам | 1 | 1 | 1,5 | 1 | 1 | 1 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

етничките Македонци и Албанци детектиран минатата година, а кој се однесува на испитаниците за кои членството во ЕУ воопшто не е важно, може да се детектира и во 2020 год. Притоа, за 20% од етничките Македонци членството во ЕУ воопшто не е важно, наспроти 7% кај етничките Албанци во истата категорија на ставови.

Значителна промена во трендовите се јавува кај перцепциите околу подготвеноста на Северна Македонија за членство во ЕУ. Речиси половина од македонската популација верува дека државата е подготвена за членство, што е за повеќе од 10% во споредба со претходните две години (графикон 2). Оваа дистрибуција логички е проследена и со сличен пад кај популацијата која смета дека државата не е подготвена за членство во ЕУ. Оваа промена на перцепциите околу подготвеноста за членство веројатно е последица на позитивната слика

**Графикон 2.**[5] Дали сметате дека Северна Македонија е подготвена за членство во ЕУ?




[5] Во графиконот се изоставени вредностите за испитаниците кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи тие вредности се еднакви или помали од 1%

за македонскиот пристапен процес која се градеше низ текот на 2020 година. Сепак, ваквата дистрибуција на ставови укажува и на зголемување на необјективната призма низ која се гледа на македонскиот пристапен процес, која, пак, корелира со слаба информираност на популацијата околу природата на пристапниот процес и степенот на усогласување на македонскиот реформски процес со политиката на условување на ЕУ.

Сличен раст на позитивните перцепции околу македонскиот пристапен процес е воочлив и кај дистрибуцијата на ставови во врска со напредокот на Северна Македонија во процесот на евроинтеграцијата во текот на минатата година. Најголема промена може да се детектира кај популацијата која констатира релативен напредок во евроинтеграцискиот процес. Така, во 2020 година оваа бројка (38%) е за 11% повисока во споредба со 2019 година (табела 2). Раст од 4% се јавува и кај испитаниците кои детектираат минимален напредок. Соодветно

### Табела 2.

| Во однос на минатата година, колку сметате дека Северна Македонија напреднала во процесот на ЕУ-интеграција? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу напреднала | 14 | 11 | 13 | 13 | 11 | 10 |
| До некаде напреднала | 33 | 28 | 31 | 25 | 27 | 38 |
| Малку напреднала | 20 | 20 | 20 | 28 | 23 | 27 |
| Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 | 30 | 33 | 20 |
| Се случило назадување | 5 | 7 | 2 | 2 | 5 | 5 |
| Не знам | 2 | 3 | 7 | 2 | 1 | 1 |
| Нема одговор / Одбива да одговори | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |

на ваквите тенденции, воочлива е и значителна деклинација од 13% кај испитаниците кои сметаат дека воопшто немало напредок во изминатата година. Трендот на расцеп помеѓу двете најголеми етнички заедници кој е евидентен во минатите неколку години, се потврдува и во 2020 година. Овој јаз е посебно евидентен кај дистрибуцијата на ставови кај тврдењето дека државата не постигнала никаков напредок во процесот на европска интеграција во изминатата година. Така, кај етничките Македонци воочлив е поголем песимизам со оглед на тоа што 25% од оваа демографска група смета дека во однос на минатата година во Северна Македонија воопшто немало напредок во пристапувањето кон ЕУ. Кај етничките Албанци овој процент е значително помал и изнесува 8%.

Анализата на перцепциите околу главните причини поради кои Северна Македонија не е членка на ЕУ укажува на висок степен на респонзивност на македонското јавно мислење кон моментната динамика на пристапниот процес и политиката на проширување на ЕУ. Така, дистрибуцијата на ставови во 2020 година по неколку варијабли бележи сериозни отстапувања во споредба со минатите години. Растечкиот тренд на перцепции, фокусирани врз неостварувањето на домашните реформи како примарно објаснување зошто Северна Македонија не е членка на ЕУ, потполно го менува правецот во 2020 година преку деклинација од преку 25 процентни поени (графикон 3). Од друга страна пак, повеќе од половината од граѓаните најголемиот проблем за македонскиот пристапен процес го насочуваат кон позициите на соседните држави vis a vis аспирациите за членство на Северна Македонија, што е за 20 проценти повеќе од минатата година. Ваквата промена во ставовите е логична и очигледно е во корелација со динамиката на билатералните односи со соседните држави кои се членки на ЕУ. Така, понискиот процент на дистрибуција на ставови во рамките на оваа варијабла во 2019 година со голема веројатност се должи на разрешувањето на спорот со Грција со што и се крена долгогодишната

рампа врз македонскиот процес за пристапување кон ЕУ. Значителното зголемување на фреквенциите на перцепции по ова прашање во 2020 година е несомнено резултат на новиот спор со Бугарија и нејзината одлука да ги блокира преговорите за членство кон крајот на годината.

На крај, оптимистичкиот дух кој се провлекува во гореспоменатите варијабли е евидентен и кај перцепциите околу временската рамка за членството во ЕУ. Воочлив е нагорен тренд (табела 3) кај популацијата која смета дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ во следните три години (раст од 6%); во следните 5 години (раст од 8%); и во следните 10 години (раст од 4%). Обратно-пропорционално, паѓа процентот на испитаници кои сметаат дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ во наредните 20 години. Најзначителна промена се детектира кај онаа група испитаници кои сметаат

**Графикон 3.**[6] Според Вас, која е главната причина што Северна Македонија сè уште не е дел од ЕУ?




6 Во графиконот се изоставени вредностите за испитаниците кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи тие вредности се еднакви или помали од 2%

дека Северна Македонија никогаш нема да стане членка на ЕУ. Во 2020 година, само 15% имаат песимистичка перцепција кон изгледите за членство во ЕУ, што е за 9% помалку споредено со 2019 година, а воедно е и најниска вредност на процентни поени и низ лонгитудиналната перспектива од последните 7 години. Меѓутоа, овие позитивни перцепции не кореспондираат со реалните перспективи за евентуално членство во ЕУ и се уште еден показател за недоволната информираност на популацијата околу траекторијата и временската динамика на пристапниот процес. Притоа, речиси половина од популацијата смета дека Северна Македонија би можела да стане членка на ЕУ во следните 3 до 5 години, што е далеку од која било реалистична проценка.

### Табела 3.

| Кога сметате дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Во следните 3 години | 14 | 18 | 27 | 23 | 14 | 20 |
| Во следните 5 години | 18 | 22 | 22 | 25 | 20 | 28 |
| Во следните 10 години | 21 | 18 | 12 | 17 | 21 | 25 |
| Во следните 20 години | 12 | 7 | 7 | 14 | 16 | 9 |
| Никогаш | 23 | 25 | 20 | 17 | 24 | 15 |
| Не знам/нема одговор | 11 | 10 | 11 | 5 | 4 | 3 |

# ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОДДРШКАТА НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРО ИНТЕГРАЦИЈА

## Рационалистичко-утилитарни фактори

Рационалистичко-утилитарните фактори се наметнуваат како клучни долгорочни детерминанти на поддршката на процесот на евро интеграција во Северна Македонија. Социотропски економски пресметки околу идните антиципирани придобивки од членството во ЕУ се основната база околу која се формираат ставовите за поддршка на членството во ЕУ уште од самите почетоци на испитувањата на македонското јавното мислење околу членството во ЕУ.

Оваа аргументација се потврдува и преку резултатите од испитувањето на јавното мислење во 2020 година. Притоа, дистрибуцијата на ставови е речиси идентична со податоците од 2019. И во обете години кумулативниот процент на ставовите за поддршка на членството во ЕУ кои се стимулирани од рационалистичко-утилитарни консидерации го надминува прагот од 50% (табела 4). Унапредувањето на животниот стандард, намалувањето на невработеноста и полесниот пристап до работа во странство остануваат едни од главните фактори на поддршката на македонското членство во ЕУ. Меѓутоа, во последните две години се забележува и тренд на зајакнување и на нематеријалните фактори на

детерминирање на поддршката за членство. Растот (во споредба со периодот 2014-208) на популацијата која ја поврзува поддршката за членство со „припадноста кон европското семејство на држави“ се потврдува и во 2020 година. Од друга страна, безбедносните аспекти на процесот на евро интеграција се наметнуваат како значаен фактор со поддршка од речиси 20% од популацијата.

Речиси никаква промена во дистрибуцијата на ставови во изминатите две години не е забележана и кај перцепциите околу областите од општествениот живот

### Табела 4.

| Која е причината за вашиот глас за членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 | 36 | 22 | 21 |
| Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 | 22 | 18 | 19 |
| Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 | 9 | 13 | 13 |
| Мобилност на работници/ полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 | 6 | 15 | 16 |
| Припадност кон „европското семејство држави“ | 2 | 5 | 2 | 4 | 13 | 13 |
| Поголема сигурност и стабилност на државата | 27 | 16 | 12 | 23 | 19 | 19 |
| Не знам/нема одговор | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 |

врз кои членството во ЕУ би имало најпозитивно влијание. И тука повторно се потврдува долгорочниот тренд на  влијание на рационалистичко утилитарните детерминанти, дотолку факторите како развојот на економијата, намалувањето на невработеноста, квалитетот на живот и подобрување на инфраструктурата доминираат со дистрибуцијата на ставови (табела 5). Многу помал дел од популацијата им дава примат на политичките и вредносните придобивки на членството во ЕУ, при што само 11% од испитаниците сметаат дека членството во ЕУ би имало најпозитивно влијание врз човековите права и слободи во државата. Уште помал процент (5%) испитаници, членството во ЕУ го поврзуваат со зајакнување на националниот идентитет.

**Табела 5.**

| На која област најпозитивно ќе влијае членството на Северна Македонија во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Развој на економијата | 23 | 25 | 25 | 20 | 18 | 19 |
| Стабилност | 13 | 15 | 15 | 13 | 14 | 12 |
| Намалување на невработеност | 23 | 18 | 21 | 19 | 20 | 21 |
| Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 | 14 | 12 | 11 |
| Подобрување на инфраструктура | 6 | 5 | 5 | 9 | 11 | 13 |
| Квалитетот на живот во целина | 16 | 18 | 11 | 13 | 17 | 16 |
| Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 | 7 | 3 | 5 |
| Друго | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 |
| Не знам | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 1 |

# Идентитетски и вредносни фактори

Додека економските очекувања се наметнуваат како најважни детерминанти за поддршката на членството во ЕУ, лонгитудиналната анализа на ставовите против членството во ЕУ укажува на драстичен раст (во периодот по 2016 година) и доминантна позиција на идентитетските вредносни фактори во детерминирањето на евроскептичната енергија во македонското општество[7]. Така, заканата за губење на националниот идентитет како последица на процесите на европеизација, се наметнува како најважна (23%) евроскептична детерминанта (табела 6). Со приближно ист интензитет се перципираат и губењето на суверенитетот и независноста на државата, но и промената на уставното име кое сѐ уште резонира како важен фактор на незадоволство од процесот на пристапување кон ЕУ.

**Табела 6.**

| Која е причината за вашиот глас против членство во ЕУ? | 2019 % | 2020 % |
|---|---|---|
| Влошување на животниот стандард | 12 | 9 |
| Загрозување на македонската економија | 7 | 9 |
| Промена на уставното име на државата | 21 | 20 |
| Губење на националниот идентитет | 17 | 23 |
| Ќе станеме премногу зависни од Брисел | 10 | 9 |
| Губење на суверенитетот и независноста на државата | 17 | 19 |
| ЕУ не нѐ сака | 16 | 11 |
| Не знам/нема одговор | 0 | 0 |

[7] За повеќе околу промената на трендовите на влијание на идентитетските и вредносните фактори врз евроскептичните ставови види: Дамјановски, Иван и Кирхнер, Мари Јеленка. „Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2018)". Фондација Конрад Аденауер / Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, 2019

Зајакнатото влијание на идентитетските фактори се воочува и кај идентитетските себе-перцепции кај македонските граѓани. Во 2020 година се забележува значителен раст од повеќе од 10% кај категоријата испитаници кои се идентификуваат исклучиво низ етничка призма (табела 7). Така, близу 80% од популацијата се перципира себеси низ призмата на ексклузивна етно-национална идентификација. Следствено, растот кај оваа категорија на испитаници е проследен со речиси идентичен пад кај популацијата која декларира не ексклузивен, двоен идентитет (етно-национален и европски). Така, сега само 14% од испитаниците декларираат таков тип на себе-идентификација. Бројот на оние граѓани кои се декларираат прво како Европејци, а потоа како припадници на одредена етничка група и оние граѓани кои се идентификуваат себеси само како Европејци е занемарлив.

Од друга страна, ексклузивниот етно-национален идентитет не се коси со поддршката за членство во ЕУ. Во споредба со претходната година, во 2020 година процентот на испитаници кои декларираат ексклузивен етно-национален идентитет, а истовремено го поддржуваат членството во ЕУ е повисок за 9% и сега изнесува 66%. Очекувано, поддршката за членството во ЕУ кај популацијата која себе си се перципира низ призмата на двоен (етнички и европски) идентитет е исклучително висока и ја надминува границата од 80%.

**Табела 7.**

| Пред сè, се чувствувате како | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Само Македонец/ Албанец/ друг | 69 | 70 | 77 | 69 | 67 | 78 |
| Македонец/ Албанец/ друг и Европеец | 20 | 20 | 15 | 20 | 24 | 14 |
| Европеец и Македонец/ Албанец/ друг | 6 | 7 | 3 | 4 | 7 | 7 |
| Само Европеец | 3 | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 |
| Не знам | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 |

# Сугестии од политички партии

Досегашната лонгитудинална анализа на податоците од истражувањата на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ укажува на забележителна корелација помеѓу поддршката за членство во ЕУ и сугестиите од политичките партии. Основната претпоставка од која тргнува овој теоретски модел е дека испитаниците кои се симпатизери на определени политички партии, своите ставови околу процесот на евро интеграција ги формираат под влијание на официјалните ставови и позиции кон истиот процес на партиите кои тие ги поддржуваат.

Во овој контекст,  во 2020 година е забележливо интензивно инвестирање на СДСМ во наративи на поддршка на пристапниот процес и негово позиционирање на врвот на партиските приоритети. Следејќи го зајакнувањето на перспективите за напредок во пристапниот процес во првата половина на 2020 година, СДСМ како владејачка партија која ја предводи владината евро интеграциска агенда, вложи значителни ресурси во пропагирање на важноста на пристапувањето кон ЕУ за идниот просперитет на државата. Од друга страна, главната опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, низ текот на годината манифестираше повоздржани позиции околу динамиката и очекувањата од овој процес. Ваквиот однос кон пристапниот процес се одразува и врз степенот на поддршка на процесот на европска интеграција кај симпатизерите на овие партии. Така, како и во минатите години, поддршката за членство во ЕУ кај

симпатизерите на СДСМ, во целост ги рефлектира заложбите на партиското раководство, дотолку што таа поддршка е екстремна и ја надминува границата од 90% (графикон 4). Очекувано, таквата поддршка кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ е за повеќе од 30% помала. Сепак, помеѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ е забележлив значителен раст од 14% на поддршката  за членство во споредба со рекордно ниските вредности во оваа демографска категорија во 2019 година. Така, во 2020 година повторно се конституира мнозинство од симпатизери на ВМРО ДПМНЕ кое го поддржува македонското членство во ЕУ. Паралелно на овој процес, може да се детектира и пад на евроскептичната енергија помеѓу оваа демографска група. Сепак, повеќе од една третина од симпатизерите на оваа партија се противат на членството во ЕУ.

Меѓутоа, евидентниот јаз кој постои помеѓу симпатизерите на двете најголеми партии во Северна Македонија се интензивира кога ќе се анализираат ставовите на овие групи на испитаници околу некои специфични аспекти на пристапниот процес кои беа презентирани погоре во овој текст. На пример, во однос на перцепциите околу подготвеноста на Северна Македонија за членство во ЕУ, дури 80% од симпатизерите на СДСМ се уверени дека државата е подготвена за членство. Дистрибуцијата на ставови по ова прашање е дијаметрално спротивна кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, каде што 64% сметаат дека државата не е подготвена за членство. Сличен диспаритет произлегува и од фреквенциите на перцепции околу напредокот на државата во процесот на евро интеграцијата во минатата година. Додека повеќе од 90% од симпатизерите на СДМС детектираат напредок во пристапниот процес во изминатата година, речиси половина од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ  сметаат дека немало никаков напредок или дека државата назадувала во процесот на евро интеграцијата.

**Графикон 4.**[8] Ако следната недела се одржи референдум за влез на Република Македонија во ЕУ, како би гласале вие?




[8] Вредностите кои се под 10%, а се однесуваат на одговорите не знам и нема да гласам не се наведени во графиконот

# Информации за КАС

—

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

—

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторот

**Иван Дамјановски** е вонреден професор на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Неговите истражувачки интереси се фокусираат на европеизацијата на земјите кандидати за членство во ЕУ, проширувањето на ЕУ, теоријата за евро интеграција и политиките на етнички идентитети.

# Линк

**Ова издание е електронски достапно на:**

-

https://idscs.org.mk/mk/portfolio/анализа-на-јавното-мислење-за-македон-5

Анализа на јавното мислење
бр.1/2021

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија (2014-2020)

Автор: Иван Дамјановски

-

февруари 2021

IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG